Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот -------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на четвртото продолжение на 38-та седница одржана на 15.09.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 02.01.2020 година од подносителот ------------ до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-21/1 од 02.01.2020 година, во која се укажува на наводи за сомневање за незаконитости во судската постапка КО бр.377/18 , во која била донесена Пресуда со број КПП бр.313/18 од 27.12.2018 година во Основниот суд Велес со која врз основа на предлог спогодба обвинетиот -------------- бил осуден на 1 година казна затвор и без право на жалба на пресудата, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-21/1 од 02.01.2020 година бидејќи по конкретниот случај постапувале други надлежни органи (Основно јавно обвинителство–Велес и Основен суд Велес), кои презеле процесни дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба согласно Законот за кривична постапка, ја утврдиле фактичката состојба и е донесена одлука.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата, да се достави Одлуката, со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-21/1 од 02.01.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот Стојанов Тодорче од Велес.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за незаконитости во судска постапка КО бр.377/18, во која била донесена Пресуда со број КПП бр.313/18 од 27.12.2018 година во Основниот суд Велес врз основа на предлог спогодба со која обвинетиот ---------- бил осуден на 1 година казна затвор и без право на жалба на пресудата. Во пријавата се наведува дека на ден 17.11.2017 година на пат А1 на раскрсница Мали Пожаревац –Умчари во Р. Србија се случила сообраќајна несреќа во која починала ќерката на

подносителот на пријавата. Против возачот на возилото било покренато обвинение врз основа на кое е поведена судската постапка КО бр. 377/18 во Основен суд Велес, при што е донесена Пресуда со која обвинетиот ------------, возачот на возилото е осуден на 1 година казана затвор и без право на жалба на пресудата.

По разгледување на наводите во пријавата и придружната документација, ДКСК констатира дека по конкретниот случај постапувале други надлежни органи (Основно јавно обвинителство–Велес и Основен суд Велес), кои презеле процесни дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба согласно Законот за кривична постапка, ја утврдиле фактичката состојба и е донесена одлука, оттаму Државната комисија заклучи дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во овој предмет ти предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го гореспоменатото, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk